Проектот „ **Модернизација на советодавните услуги за операторите од областа на земјоделството во Северна Македонија**”

На 31 јануари 2022 година започна со реализација проектот „ **Модернизација на советодавните услуги за операторите од областа на земјоделството во Северна Македонија**”.

Целта на овој проект беше давање поддршка за воспоставување функционален систем за советодавни услуги во земјоделството, вклучувајќи процедури за давање услуги, регистрација и сертификација на давателите на услуги, опис на услугите кои треба да се обезбедат и развој на е-каталог.

Како резултати од проектот „ Модернизација на советодавните услуги за операторите од областа на земјоделството” произлегоа Законот за земјоделски советодавни услуги (FAS) (декември 2023) и неколку подзаконски акти услогласени со регулативите на ЕУ, со што се создадоа законски, институционални и оперативни предуслови за воспоставување на системот. Се воспостави ASARD ИТ систем (AKIS) за следење, евиденција и управување со советодавните услуги како и AKIS (www.akis.mk) кој претставува централна платформа со регистри на советодавци и даватели на услуги, е-каталог на услуги и можност за пребарување и барање советодавни услуги. Советодавниот систем содржи дефинирани советодавни услуги, учесници и постапки финансирани или кофинансирани од јавни извори кој треба да овозможи ефикасна советодавна поддршка на земјоделците и на населението во руралните средини за подобрување на земјоделските и другите екомомски и неекономски активности, на општите услови на живот во руралните средини, како и заштита на природните ресурси и животната средина од влијанието на земјоделските активности.

Обезбедувањето на советодавни услуги финансирани од државата со целосно вклучување и на приватните даватели на услуги, за кои ќе биде обезбедена и поддршка при нивно формирање, како и пристап базиран на избор на давател на услуги од страна на самите корисници е многу важно за подобрување на конкуретноста и одржливоста на земјоделските стопанства.

Во текот на спроведувањето се ревидираа клучни стратешки документи (НПРР, ИПАРД, НАРДС, планови и извештаи на АПРЗ) и согласно резултатите беа дадени препораки за нивно унапредување, потоа беа развиени програми за обука, а 90 советници беа сертифицирани за обезбедување советодавни услуги. Исто така, се воспостави функционална мрежа на јавни и приватни советодавци, земјоделци и други чинители, кои се информирани и ја поддржуваат имплементацијата на системот.

До завршувањето на проектот 31.07.2024 година, целосно се оствариja општите цели како и одржливоста на проектот, односно создавањето на сите предуслови и поставувањето на темелите за воспоставување на модерен, ефикасен и ефективен систем за земјоделски советодавни услуги (FAS) и постигна клучни резултати за реформа на советодавниот систем.

Проектот финансиран рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА II - 2019 „Модернизација на советодавните услуги за операторите во областа на земјоделството во Северна Македонија“ со вредност од € 896.917 беше спроведен од конзорциумот ЕУРАТА (EURATA).

Република Северна Македонија

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство